**20242334095**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за градежно земјиште,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 ноември 2024 година.

Бр. 08-5462/1
13 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Законот за  градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 101/21, 153/23, 61/24 и 224/24) во член 97 по ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) За објекти од јавен интерес согласно со Законот за експропријација, кога инвеститор е Владата на Република Северна Македонија, правните лица основани од Владата на Република Северна Македонија, единиците на локалната самоуправа и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и кога истите се во целосна сопственост на Република Северна Македонија или на единиците на локалната самоуправа, не се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.“.

Ставот (10) станува став (11).

Член 2

Започнатите постапки за одобрение за градење, надградба, доградба, реконструкција, адаптација и пренамена, за објекти од јавен интерес согласно со Законот за експропријација, кога инвеститор е Владата на Република Северна Македонија, правните лица основани од Владата на Република Северна Македонија, единиците на локалната самоуправа и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и кога истите се во целосна сопственост на Република Северна Македонија или на единиците на локалната самоуправа, за кои согласно со Законот за градење е доставено барање преку информацискиот систем е-одобрение за градење до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.